Друштво: **Мермерен Комбинат АД Прилеп**
Период на известување: **01.01 - 30.06**
Година: **2025**
Извештајот е консолидиран: **не**

# Биланс на успех

(Извештај за сеопфатна добивка)

*Податоците се во 000 денари*

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | кумулативно од почетокот на годината | во однос на прет-ходна година |
| 1 | Приходи од продажба | 929.410 | 796.724 | 115 |
| 1а | *Приходи од продажба на домашен пазар* | 6.120 | 14.927 | 244 |
| 1б | *Приходи од продажба на странски пазар* | 923.290 | 781.797 | 85 |
| 2 | Трошоци на продадени производи и услуги | 281.853 | 370.342 | 131 |
| 3 | **БРУТО ДОБИВКА** | **647.557** | **426.382** | **66** |
| 4 | Административни трошоци | 37.776 | 36.345 | 96 |
| 5 | Трошоци за продажба и маркетинг (дистрибуција) | 73.166 | 49.266 | 67 |
| 6 | Резервирања за трошоци и ризици | | | 0 |
| 7 | Останати оперативни приходи | 1.305 | 6.779 | 519 |
| 8 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства и останати оперативни расходи | 944 | 1.153 | 122 |
| 9 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА** | **536.976** | **346.397** | **65** |
| 10 | Финансиски приходи | 5.069 | 10.993 | 217 |
| 10а | Приходи од вложувања, заеми и камати и курсни разлики | 5.067 | 10.958 | 216 |
| 10б | Останати приходи од финансирање | 2 | 35 | 1.750 |
| 10в | Удел во добивката на придружените друштва | | | 0 |
| 11 | Финансиски расходи | 4.113 | 10.193 | 248 |
| 11а | Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 4.102 | 10.148 | 247 |
| 11б | Останати расходи од финансирање | 11 | 45 | 409 |
| 11в | Удел во загубата на придружените друштва | | | 0 |
| 12 | **Добивка/ загуба од редовно работење** | **537.932** | **347.197** | **65** |
| 13 | Добивка/ загуба од прекинато работење пред оданочување | | | 0 |
| 14 | **Добивка/ загуба од редовно работење пред оданочување** | **537.932** | **347.197** | **65** |
| 15 | Данок од добивка | -55.395 | -36.532 | 0 |
| 16 | **Нето добивка/загуба по оданочување** | **482.537** | **310.665** | **64** |
| 17 | Малцински интерес | | | 0 |
| 18 | **Нето добивка/загуба која им припаѓа на акционерите на друштвото** | **482.537** | **310.665** | **64** |
| 19 | Нето останата сеопфатна добивка/загуба | | | 0 |
| 20 | **Вкупна сеопфатна добивка/загуба** | **482.537** | **310.665** | **64** |

## Анализа на оперативната добивка/загуба по природата на трошоците

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | кумулативно од почетокот на годината | во однос на прет-ходна година |
| 1 | Приходи од продажба | 929.410 | 796.724 | 86 |
| 2 | Останати оперативни приходи | 1.305 | 6.779 | 519 |
| 3 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | 42.854 | 2.567 | 6 |
| 4 | Набавна вредност на трговски стоки | | | 0 |
| 5 | Трошоци за суровини и други материјали | 126.861 | 137.357 | 108 |
| 6 | Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | | | 0 |
| 7 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 75.782 | 53.536 | 71 |
| 8 | Останати трошоци од работењето | 29.753 | 54.278 | 182 |
| 9 | Трошоци за вработените | 131.152 | 146.021 | 111 |
| 10 | Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 72.075 | 67.308 | 93 |
| 11 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства | | | 0 |
| 12 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства | | 1 | 0 |
| 13 | Резервирања за трошоци и ризици | | | 0 |
| 14 | Останати расходи од работењето | 970 | 1.172 | 121 |
| 15 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА** | **536.976** | **346.397** | **65** |

Согласно член 40 став (4) од Правилата за котација, **МЕРМЕРЕН Комбинат АД Прилеп („Друштвото")**, заедно со неревидираните и неконсолидирани финансиски извештаи за периодот 01.01. до 30.06.2025 година, објавува и

**Образложение**

кон резултатите за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2025 година

а) Промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи не се настанати.

б) Друштвото за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2025 година оствари приходи од продажба во износ од 796.724 илјади денари што претставува намалување за 14,31% споредено со истиот период од минатата година.

| **приходи од продажба** | **2025** | | **2024** | | **промена** |
|---|---|---|---|---|---|
| - странски пазари | 781.797 | 98,13% | 923.290 | 99,34% | -15,36% |
| - домашен пазар | 14.927 | 1,87% | 6.120 | 0,66% | 143,82% |
| | **796.724** | **100,00%** | **929.410** | **100,00%** | **-14,31%** |

| **приходи од продажба** | **2025** | | **2024** | | **промена** |
|---|---|---|---|---|---|
| - рудник | 768.818 | 96,50% | 902.630 | 97,12% | -14,86% |
| - фабрика | 27.289 | 3,43% | 25.710 | 2,77% | 6,10% |
| - фотоволтаици | 617 | 0,08% | 1.070 | 0,12% | -42,43% |
| | **796.724** | **100,00%** | **929.410** | **100,00%** | **-14,31%** |

Остварената оперативна добивка за периодот е во износ од 346.397 илјади денари, што споредено со остварената оперативна добивка за истиот период во 2024 година во износ од 536.976 илјади денари претставува намалување за 35,72%.

EBITDA за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2025 година изнесува 413.706 илјади денари, а наспроти остварениот износ од 610.726 илјади денари во истиот период од минатата година покажува намалување за 32,29%.

Крајниот резултат по оданочување е позитивен и изнесува 310.665 илјади денари и претставува намалување од 35,65% споредено со остварената добивка за истиот период од минатата година (30 јуни 2024: 482.537 илјади денари).

в) Зголемувањето од 31,38% на трошоците на продадените производи и услуги главно се припишува на ликвидацијата на стари залихи, поточно, фабричките залихи стари над 10 години кои останале непродадени во претходните години. Оваа залиха носеше големи историски трошоци и еднократното расчистување материјално влијае на структурата на трошоците.

По измените на Тарифата за одредување на износот на надоместоци за експлоатација на минерални суровини, објавена во Службен весник бр. 268 од 25 декември 2024 година, концесискиот надоместок бележи зголемување за 277% во споредба со минатата година.

Оперативните расходи за периодот се повисоки за 5,65% во однос на остварените во истиот период од минатата година.

Од оперативните трошоци најголем дел отпаѓа на трошоците за вработени, кои во периодот покажуваат зголемување од 11,29% споредено со истиот период минатата година. Евидентирано е намалување на трошоците за надворешни услуги за 29,39%.

Зголемување од 8,23% е евидентирано кај трошоците за енергија, суровини и материјали, кои се втор најголем трошок за Друштвото.

г) Согласно со Одлуката од Собрание на акционери број 02-2442/5 од 30 мај 2025 година, дел од добивката од 2024 година во износ од 691.780 илјади денари се распределува за исплата на дивиденди.

Во периодот заклучно со 30 јуни 2025 година Друштвото исплати дивиденди на своите малцински акционери во вкупен нето износ од 66.737 илјади денари и 7.409 илјади денари данок на исплатени дивиденди.

д) Нема значителни вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис (поголем од 30% од вредноста на средствата споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи).

ѓ) Вкупните кредитните задолжувања на Друштвото со состојба на 30 јуни 2025 година изнесуваат 2.030 илјади денари и во периодот од јануари до јуни 2025 година бележат намалување од 19,38% во однос на состојбата во последните годишни ревидирани финансиски извештаи, како резултат на редовна отплата на обврски по финансиски лизинг.

На 09.05.2025 година, Друштвото склучи договор за подкредит од кредитната линија за финансирање на инвестиции и развој на приватни трговски друштва реализирана преку Развојна Банка на Северна Македонија, во износ од 154.000 илјади денари, со каматна стапка од 1,95% годишно декурзивно, рок на отплата до 12.04.2035 година, вклучувајќи грејс период од 2 (две) години. Средствата од кредитот ќе се користат за изградба на нови фотоволтаични електрани. До 30.06.2025 година не беа повлечени расположивите средства од кредитот.

е) Во периодот што следи, Друштвото останува посветено на стабилно и профитабилно работење, притоа давајќи приоритет на извонредна услуга ориентирана кон клиентите. Нашите клучни цели вклучуваат:

• Континуирано поттикнување на растот на приходите,

• Зајакнување на мерките за контрола на трошоците и подобрување на оперативната ефикасност,

• Проширување на производствениот капацитет за задоволување на побарувачката.

Прилеп, 31.07.2025 година